**ДО**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА**

**ЖИТО ПОЛОГ АД – ТЕТОВО**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## Од Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово

Во врска со предложената точка на дневен ред за седница на Собранието на акционери на Жито Полог АД – Тетово закажана за ден 04.05.2022 година со предлог одлука за одобрување на голема зделка, а согласно член 456 став 5 од Законот за трговски друштва , го доставуваме следното известување:

**Одборот на директори на Жито Полог Ад – Тетово** на својата седница одржана на ден 01.04.2022 година подготви предлог одлука за одобрување на голема зделка која се состои во купување од страна на Жито Полог АД Тетово како купувач на вкупно 26.664 акции издадени од Друштво за производство, услуги и промет со моторни возила и резервни делови ТАКСИ – РЕМОНТ АД – Загреб, Република Хрватска ( или во оригинален назив TAKSI –REMONT d.d – Zagreb), со седиште на ул. Андреј Жаје бб – Загреб, ЕМБС( MBS) 080194094 и ЕДБ (OIB) 92071973018 , што претставува 33,33% од основната главнина на Друштвото – издавач по цена од 137,5 евра за една акција, односно пресметано во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на денот на донесувањето на одлуката во износ од 8483 денари за една акција , или со вкупна купопордажна цена за сите акции во износ од 226.190.712 денари, која вредност претставува 35,59% од сметководствената вредност на имотот на Жито Полог АД Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2020 година.

Како Одбор на директори на Жито Полог АД Тетово, се состанавме и ја разгледавме можноста за инвестирање во земја која е членка на Европската Унија, како еден сериозен чекор за зголемување на својот капитал надвор од границите на нашата земја. Бидејќи сме заинтересирани и имаме сериозна намера да откупиме поголем процент на акции, односно над 30% , сметаме дека за одлуката треба да се изјаснат акционерите на друштвото и затоа подготвивме Предлог одлука и истата ја ставивме како точка на дневниот ред за Собранието на акционери на кое би сакале да ги известиме сите наши акционери за сериозноста и чекорот напред на нашето друштво за една здрава инвестиција во Република Хрватска. На Собранието на акционери на Друштвото одлуката се донесува со мнозинство гласови на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Друштвото и се присатни на Собранието.
На основа лична проценка и сопствено убедување акционерите имаат право да не се согласат со предложената одлука.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Катерина Дамјановска**